ЗАПИСНИК

Од 14-та седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион, одржана на 16.03.2021 со почеток во 11 часот.
Во работата на Советот зедоа учество: зоран хогачевски- градоначалник од Општина Дебрца, Даниела Којчиноска -овластено лице од оп.охрид , Константин Георгиевски- градоначалник од оп. Охрид, Фекри Садику- овластено лице од оп.Пласница, Рамиз Реџепи- директор од биро за регионален развој, Сашо Јанкоски- градоначалник од оп.Вевчани, Рамиз Мерко- градоначалник од оп.Струга , Владислав Жупан- овластено лице од оп.Струга, Хекуран Дука- градоначалник од оп.Дебар, Милена Костеска- овластено лице од оп.Македонски Брод, Кире Парталоски- државен секретар на МЛС, раководителот на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, Мирјана Лозаноска, и вработените во Центарот.

Советот за развој на Југозападниот плански регион работеше со следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

- Усвојување на записникот од претходната седница на Советот за развој на Југозападниот плански регион

1. Разгледување на годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР во 2020 година

2. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на Извештајот за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР во 2020 година

3. Разгледување на Годишниот Извештај и Финансискиот Извештај за работењето на Центарот за развој на ЈЗПР во 2020 година

4. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на Годишниот Извештај и Финансискиот Извештај за работењето на Центарот за развој на ЈЗПР во 2020 година

5. Разгледување на годишните сметки за работењето на Центарот за развој на ЈЗПР во 2020 година и за Проектот „Одржлив и инклузивен РРР“

6. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на годишните сметки за работењето на Центарот за развој на ЈЗПР во 2020 година и за Проектот „Одржлив и инклузивен РРР“

7. Разгледување на Предлог-Акцискиот план за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР за 2021 година

8. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на Акцискиот план за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР за 2021 година

9. Информација за регионалните проекти на Центарот за развој на ЈЗПР поднесени до Бирото за регионален развој за 2021 година

10. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Кичево - ООУ „Санде Штерјоски“

11. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Дебрца – Културно-историски дом во н.м. Требеништа

12. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Охрид - ООУ „Христо Узунов“

13. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Струга – Административна зграда на Општина Струга

14. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Струга – ЈОУДГ „8-ми Март“

15. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Вевчани – Дом на културата

16. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Дебар - ООУ „Ристе Ристески“ н.м. Горно Косоврасти

17. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Дебарца – локален пат за поврзување на н.м. Арбиново со н.м. Лактиње.

18. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Струга – локален пат за поврзување на н.м. Мороишта со н.м. Волино-Општина Дебрца

19. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Македонски Брод – локален пат за поврзување на н.м. Томино со н.м. Сушица

20. Разно

Седницата на советот се водеше од страна на раководителот на Центарот со објаснување на дневниот ред. Усвојување на записник од претходната седница го стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа едногласно. Раководителот од Центарот Мирјана.Л го зеде зборот околу точката број еден за објаснување на годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР во 2020 година.Во Извештајот, проектите и активностите директно се поврзани со Среднорочните цели, приоритетите и мерките од Програмата за развој, како и со индикаторите за степенот на реализација на овој базичен документ во тековната година. Годишниот извештај е конципиран во четири дела при што секој дел содржи реализирани проектни активности согласно среднорочните цели.

Во Годишниот извештај покрај наративниот дел поместени се детално и соодветните среднорочни цели, приоритети, мерки, индикатори и излезни резултати, како и нивно табеларно сумирање.

Вредно е да се напомене дека презентираните активности во најголем дел се реализирани од Центарот за развој на Југозападниот плански регион, но исто така и од страна на општините во рамките на Југозападниот регион за кои се добиени информации.

Најголем дел од активностите се финансирани преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) заедно со Министерството за локална самоуправа преку проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,,, Програмата за рурален развој на Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, како и од странски донатори ЕУ, УНДП и други. Сите чинители заедно придонесуваат во реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион а со тоа даваат значителен придонес за развојот на регионот и подобрување на условите за живот на граѓаните. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на Извештајот за спроведување на Програмата за развој на ЈЗПР во 2020 година се стави на гласање и сите претставници од Советот за развој гласаа едногласно.

За точката број три од дневниот ред зборот го зеде раководителот од Центарот за објаснување околу Годишниот Извештај и Финансискиот Извештај за работењето на Центарот за развој на ЈЗПР во 2020 година која спомна дека во Извештајот се поместени информации за: Спроведување на проектите одобрени со Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2020 година; Подготвување на предлог проектите за развој на планскиот регион за 2021 година; Организирање седници на Советот за развој на Југозападниот плански регион; Ажурирање на евиденцијата на развојните потенцијали на Југозападниот плански регион и општините од Југозападниот плански регион со податоци за 2019 година; Учество во активностите на Министерството за локална самоуправа во процесот на подготвување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2020-2030, Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2020-2023, подготвување на нормативни акти за рамномерен регионален развој во тековната година, завршно оценување на Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2015-2019 година, подготвување на предлог-програма за развој на Југозападниот плански регион 2020-2025, информации, извештаи и други материјали утврдени во Законот за рамномерен регионален развој; Изготвување на Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2019 година; Изготвување на Предлог Акциски план за имплементација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион за 2020 година; Доставување на релевантни документи и податоци за регионалниот развој, по барање на МЛС; Организирање состаноци, работилници и теренски посети поврзани со законските обврски на Центарот за развој и Тековни активности поврзани со функционирањето на Центарот за развој на Југозападниот плански регион. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на Годишниот Извештај и Финансискиот Извештај за работењето на Центарот за развој на ЈЗПР во 2020 година се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа едногласно.

За Точката број пет од дневниот ред раководителот на центарот, додаде дека се изработени според законот за сметководство и истите се доставени до Централен Регистар во определениот рок. Предлог одлуката и одлуката за усвојување на годишните сметки за работењето на Центарот за равој на ЈЗПР во 2020 година и за Проектот „Одржлив и инклузивен РРР“ се стави на гласање и сите претставници од Советот го усвоија едногласно.

Во врска со предлог Акцискиот План, Мирјана Л. истакна дека во овој документ се поместени регионалните проекти што ЦРЈЗПР ги достави до БРР за 2021 година како и дел од активностите во рамки на регионалните проекти кои започна да се имплементират во 2020 година. Во овој документ се поместени и активностите што се финансират преку Швајцарската Агенција за развој, Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој, проектите што ќе се имплементират од општините, други субјекти и НВО. Предлог-Одлука и Одлука за усвојување на Акцискиот план за спроведување

на Програмата за развој на ЈЗПР за 2021 година се стави на гласање и сите гласаа едногласно.

Во врска со точка број девет раководителот на Центарот ги извести учесниците дека ЦРЈЗПР според законот за РРР кој беше во сила во 5-ти Февруари 2021, се доставени два регионални проекти и тоа: 1. Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР и 2. Подршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности. Во првиот проект партнери се шест општини од регионот и побараната сума за реализација е 19.258.120 ден. Додека за вториот проект е побарана сума од 22.725.649 ден. А партнери се четри општини од регионот. Во новиот закон не е споменато како ќе се регулира делот што се однесува на поднесените предлог проекти според стариот закон за РРР. Објаснувањето ќе го даде Државниот Секретар на Министерството за локална самоуправа и Директорот на Бирото за регионален развој. Поради технички проблеми и неможност за онлине поврзување се одлучи да се премине не другите точки додека се обезбедува можност да се приклучи на состанокот Државниот Секретар на МЛС. Потоа продолжи со точката број десет во која е Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Кичево - ООУ „Санде Штерјоски“, и ова предлог одлука се стави на гласање и сите гласа заа. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Дебрца – Културно-историски дом во н.м. Требеништа, истотака се стави на гласање и сите претставници гласаа заа. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Охрид - ООУ „Христо Узунов“ истотака се стави на гласање и сите престставници од Советот гласаа заа. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Струга – Административна зграда на Општина Струга- и ова точка се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа заа. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Струга – ЈОУДГ „8-ми Март“ и ова предлог одлука се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа заа. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Вевчани – Дом на културата истотака се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа едногласно. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Дебар - ООУ „Ристе Ристески“ н.м. Горно Косоврасти истотака се стави на гласање и сите претставници од Советот гласа егногласно. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Дебарца – локален пат за поврзување на н.м. Арбиново со н.м. Лактиње истотака се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа едногласно . Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Струга – локален пат за поврзување на н.м. Мороишта со н.м. Волино- Општина Дебрца истотака се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа едногласно. Предлог-Одлука и Одлука за преотстапување на работи извршени во Општина Македонски Брод – локален пат за поврзување на н.м. Томино со н.м. Сушица и ова точка се стави на гласање и сите претставници од Советот гласаа едногласно.

За точката број девет за Информација за регионалните проекти на Центарот за развој на ЈЗПР поднесени до Бирото за регионален развој за 2021 година зборот го зеде Државниот секретар Кире Парталов кој спомна дека бужетот за проектите кој треба да се реализират во текот на 2021 година е помал од бараните финансиски средства од страна на проектираниот бужет за двата проекти кои се испратени до Биро за регионален развој. Предвидениот буџет за Југозападниот регион изнесува 20 милиони денари. Истотака направи презентација на новата програма за финансирање на урбаните средини каде право на аплицирање имат општините со седиште во град и програмата конкурентност за намалување на диспаритети со износ од 88милион денар во ниво на цела Држава . Вкупниот износ на програмата за урбани средини изнесува 52 милион денари во целата држава. Државниот Секретар од МЛС ги праша

општините дали ќе останат како приоритет проектот кој е рангиран како прв односно проектот за подобрена на енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР? Зборот го зеде градоначалникот на општина Охрид кој предложи проектот за подршка на регионалниот економски развој : туризам, култура и други економски дејности да биде приоритар, бидејќи активностите кои се предвидени во општина Охрид се многу важни. Со овој предлог не се согласи градоначалникот на општина Дебрца бидејќи во овој проект партнери се повеќе општини од колку во вториот проект и тоа не е прифатливо за повечето од општините.

Зборот го зеде Директорот на Бирото за регионален развој и кажа како можности дека на пример општина Охрид да конкурира во програмата за урбаните средини или од парите кои ке се заштедат од имплементацијата на првиот проект да се наменат за финансирање на активностите во општина охрид кои се предвидени во вториот рангиран проект. Истотака го испомна дека и општина Вевчани со предложените активности би можело да кокурира во програмата за села. А за останатите партнери во вториот проект ке се барат можности за нивно финансирање согласно утврдените програми или евентуално преку можностите за ребаланс на буџетот на РСМ. На крајот беше договорено во рамките на средствата за Југозападниот плански регион целосно да се реализират првиот проект Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР и деловно од активностите од вториот проект при што приоритетно е реализирањето на активноста во охрид , реконструкција на улицата Јане Сандански.

Седницата на Советот за развој на ЈЗПР заврши во 14,30 минути.

ЗАПИСНИЧАР
Бесијана Мерко

Струга ,